# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**2375.**

Врз основа на член 54 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19 и 275/19), министерот за труд и социјална политика, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАДЕНО МИСЛЕЊЕ ОД СТРАНА НА МАТИЧНИОТ ЛЕКАР ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ, НАЧИНОТ НА РАБОТА НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ВТОРОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ НАОДИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАВАЊЕ НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, образецот на барањето и потребната документација, образецот за дадено мислење од страна на матичен лекар за потребата од помош и нега од друго лице, начинот на работа на стручната комисија, составот и начинот на работата на Второстепената комисија, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 126/19), во член 3 став (1) во точката (2) сврзникот „и“ се заменува со „точка–запирка“.

Во точката 3, точката на крајот на реченицата се заменува со „точка- запирка“ и се додава нова точка 4, која гласи:

„4. копија на трансакциска сметка.“

Член 2

Прилогот бр. 1 се заменува со нов Прилог бр.1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-4458/1
22 јули 2020 година
Скопје

Заменик министер за труд
и социјална политика,
**Gjonul Bajraktar**, с.р.

Прилог бр. 1

ДО ____________________________

(се наведува центарот за социјална работа според постојаното место на живеење на подносителот на барањето)

**БАРАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА НАДОМЕСТОК**

**ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ**

---

**1.ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

| Име | Презиме | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Улица и број | Населено место | Општина | |
| | | | |
| бројна лична карта | Издадена од | Датум на издавање | Важност до |
| | | | |

**2. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛ НА ПРАВОТО**

| Име | Презиме | |
|---|---|---|
| | | |
| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Единствен матичен број |
| | | |
| Државјанство | Националност | |
| Име на татко | Име на мајка | |

**3. ПОДАТОЦИ ОД ЛИЧНА КАРТА**

| Број на лична карта | Издадена од | Датум на издавање | Важност до |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Улица и број | Населено место | Општина | |
| | | | |

**4.ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ (само доколку се разликува од податоците во личната карта)**

| | |
|---|---|
| Установа | |

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

**5. ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА**

| | |
|---|---|
| Број на трансакциска сметка | |

Датум и место на поднесување на барањето

________________________________

Потпис на службено лице кое го примило барањето

________________________

Потпис на подносителот

________________________

**6. КОН БАРАЊЕТО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ СЕ ПОДНЕСУВА/ОБЕЗБЕДУВА СЛЕДНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА:**

**1.**важечка лична карта за државјани на Република Северна Македонија, дозвола за постојан престој на странец, важечка лична карта за лице со статус на признаен бегалец и за лице под супсидијарна заштита, се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството

**2.** мислење од матичен лекар за потребата од помош и нега од друго лице со Бартелов индекс

**3.** отпусно писмо со специјалистички извештај и/или друга медицинска документација

**4.** копија на трансакциска сметка